совет за етика во медиумите на македонија

01.09.2016г.

**ОДЛУКА**

**На Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), по жалбата на Џевдет Пожари, застапуван преку полномошник адвокат Златко Колевски, за текстот со наслов "Зад "пропагандата" против Али Ахмети, стои синот на Ким Мехмети, Џевдет Пожари?!", објавен на 22.07.2016 година, во 11 часот и 26 минути, на Интернет порталот Журнал (www.zhurnal.mk)**

**ЖАЛБАТА Е ОСНОВАНА**

Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членовите 1, 3 и 7.

Член 1.

*"Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно."*

Член 3.

*"Новинарот ќе настојува да биде обезбедено објавување на исправка, деманти и одговор во случај кога ќе биде утврдена неточност на информацијата."*

Член 7.

*"Новинарот ќе ја почитува приватноста на личноста, освен кога тоа е во спротивност со јавниот интерес. Новинарот е должен да ја почитува личната болка и жалост."*

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на ден 03.08.2016 година, Џевдет Пожари, застапуван преку полномошник адвокат Златко Колевски, поднесе жалба за текстот со наслов "Зад "пропагандата" против Али Ахмети, стои синот на Ким Мехмети, Џевдет Пожари?!", објавен на 22.07.2016 година, во 11 часот и 26 минути, на Интернет порталот Журнал (www.zhurnal.mk).

Во жалбата се наведува дека во текстот се изнесени невистинити тврдења на факти и груби клевети. Во образложението на жалбата се вели дека сторените клевети се однесуваат на насловот и деловите од текстот, каде во повеќе наврати се наведени информации со ноторни невистинити факти дека Џевдет Пожари е во роднинска поврзаност со лицето Ким Мехмети, т.е. дека жалителот е негово вонбрачно дете, наводно родено како резултат на вонбрачната врска на г-динот Ким Мехмети со мајката на жалителот, а која постоела за време на отслужување на воениот рок на г-динот Ким Мехмети во поранешната ЈНА, како и во делот во кој е наведено дека: Интернет порталот сакте.нет (sakte.net), е спонзориран од страна на движењето "Беса", а се со цел, преку измислени вести, да врши пропаганда против Демократската унија за интеграција (ДУИ) и нејзиниот претседател Али Ахмети. Во жалбата се наведува дека жалителот бара од Журнал да објави и демант на објавниот текст кој ќе се наоѓа на истото место и во ист обем со текстот, и јавно извинување на македонски и албански јазик.

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со член 12 од Деловникот на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со Инернет порталот Журнал и побара уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите од жалбата. Наведениот Интернет портал не достави одговор на наводите на жалителот.

Комисијата за жалби најде дека жалбата во однос на содржината е ОСНОВАНА.

***

На седницата на 12.08.2016 година, Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот Џевдет Пожари и направи увид во наведениот текст.

***

Комисијата за жалби најде дека во спорниот текст со наслов "Зад "пропагандата" против Али Ахмети, стои синот на Ким Мехмети, Џевдет Пожари?!", објавен на 22.07.2016 година, во 11 часот и 26 минути, на Интернет порталот Журнал, прекршен е член 1, според кој проверката на податоците и точноста се морални императиви на новинарството, и затоа новинарот е должен да ја провери информацијата од што е можно повеќе извори, а најмалку два меѓусебно неповрзани извора. Новинарот треба да обезбеди "втора страна", односно да им даде можност на сите засегнати од новинарскиот производ да го кажат својот став. Ова особено во случаи кога новинарот изнесува сомневања или обвинувања или кога некој е предмет на напад и критика.

Комисијата констатира дека е прекршен член 3 од Кодексот, според кој моралната одговорност за неточноста на информацијата паѓа на новинарот и затоа е важно тој самиот да влијае и да обезбеди објавување на демант, исправка или одговор во медиумот во кој информацијата е објавена, а чијшто автор е тој. На тој начин новинарот го штити и сопствениот интегритет, но и интегритетот на медиумот во кој работи. Генерално треба да се избегнува повлекување на еднаш објавениот материјал на Интернет, а доколку тој се измени или тргне тоа мора да биде јасно назначено. Оние кои биле предмет на напад или критика мора да имаат можност да одговорат пред прилогот да биде објавен, а доколку тоа не е случај и одговорот дојде по објавувањето, тој треба да биде во разумна должина, во релација со темата и во пристојна форма.

Комисијата најде дека е прекршен и член 7, според кој информации за приватниот живот на одредена личност можат да бидат објавени само доколку однесувањето на таа личност во

приватниот живот има влијание на јавниот интерес. Во такви ситуации треба да се провери дали објавувањето на информацијата би можело да загрози некоја друга личност.

Во согласност со наведеното Комисијата одлучи како во диспозитивот.

Во работата на Комисијата за жалби учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Мери Јордановска, Филип Ѓурчиновски, Гоце Герасимовски и Теофил Блажевски.

**Се обврзува Интернет порталот Журнал (www.zhurnal.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави одлуката на Комисијата за жалби.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски